**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 10-547/5**
**Скопје, 06.09.2005 година**

**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Миле Стојменовиќ - В.Д. Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 04.05. до 20.05, од 27.05 до 03.06. и од 20.06. до 08.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Цвета Ристовска, Виш ревизор;
   - Емилија Атанасовска-Јовановиќ, Ревизор за легислатива;
   - Татјана Димитровска, Ревизор;
   - Зоран Богоевски, Помлад ревизор;
   - Сашо Јаковчевски, Стручен соработник за информатички системи.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Со Агенцијата управува Управен одбор, составен од седум члена, именувани со Решение за именување членови на Управниот одбор на Заводот за вработување на Република Македонија - Скопје, донесено од Владата на Република Македонија, а не од 9 члена согласно член 89 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Непочитувањето на одредбите на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност придонесува со Агенцијата да управува Управен одбор составен спротивно на позитивната законска регулатива како и донесување на незаконски одлуки.

**Препорака**

Бројот на членови на Управниот одбор да се усогласи со законската регулатива.

10.1.2. Агенцијата за признавање право на паричен надоместок утврдуван е погрешен износ на основица од која се пресметува просекот за исплата на месечен паричен надоместок за време на невработеност, спротивно на член 68 став 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Поради неправилната пресметка на основицата, Агенцијата врши исплата на погрешен износ на средства за паричен надоместок.

10.1.3 Во текот на 2004 година со право на паричен надоместок за време на невработеност над 12 месеци се стекнале 9.252 корисници. Пресметката за утврдување на износот на месечното право на надоместок е вршена во висина од 50 % од просечната нето плата на работникот за последните 12 месеци пред престанокот на работниот однос, а не 40% согласно член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, поради погрешно толкување и примена на Законот. Ревизијата констатира дека Агенцијата има извршено погрешна пресметка на месечното право, согласно воспоставената пракса на примената на член 68 од Законот во износ од 18.113 илјади денари, со што незаконска е исплатата на месечно право на надоместок, согласно податоците добиени од базата за пресметка и исплата на паричен надоместок, во износ од 32.400 илјади денари (Прилог број 1).

**Препорака:**

Пресметката и исплатата на паричниот надоместок за време на невработеност да се врши во согласност со одредбите на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

10.1.4. Договорите за обука на кандидати - невработени лица, евидентирани во Агенцијата, се склучуваат помеѓу работодавецот и месно надлежниот Центар за вработување, кој нема својство на правно лице, спротивно на член 2 од Законот за облигационите односи согласно кој учесници во облигационите односи се правни и физички лица, поради неусогласеност на Правилникот за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица со член 21 од Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија и член 86 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Вака склучените договори не произведуваат правно дејство, односно неможност за реализација на правата и обврските на договорните страни во случај на спор.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на одредбите на Правилникот за обука, преквалификација или доквалификација на невработените и други лица со позитивната законска регулатива.

10.1.5. Агенцијата, за вработување и работење на инвалидни лица исплатила средства од Посебниот Фонд за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидните лица во износ од 53.256 илјади денари односно 93% од вкупно исплатените средства, без увид во наменското користење на истите, спротивно на член 18 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица. Поради невоспоставен систем на контроли, ревизијата не беше во можност да се увери во наменското и законското користење на исплатените средства.

**Препорака:**

Агенцијата да формира комисија, која ќе изврши увид во наменското и законското користење на средствата кај корисниците на средствата и да превземе мерки од својата надлежност.

10.1.6. Во текот на 2004 година во Центрите за вработување во Гевгелија и Штип заснован е работен однос на определено време со два извршители на работни задачи, без согласност од страна на Министерството за Финансии по Барање согласност број 03-299 од 01.04.2004 година, спротивно на член 21 од Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, поради испразнети работни места и неможност за прераспределба на вработените од постојната квалификациона структура. Со овие вработувања исплаќани се средства спротивно на законската регулатива.

**Препорака:**

Вработувањето да се врши согласно позитивната законска регулатива.

10.1.7. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на Агенцијата, спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето и неспроведувањето на законската регулатива придонесува изработувањето на финансиските извештаи да се врши од страна на неназначено лице.

**Препорака**

Да се донесе решение за назначување одговорен сметководител на Агенцијата.

10.1.8. Дел од набавките се евидентирани како ситен инвентар врз основа на Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, а не како капитални средства согласно на член 21 став 2 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Погрешната примена на Уредбата, доведува до нерелно искажани вредности на Капиталните средства и Изворите на средства во финансиските извештаи.

**Препорака**

Да се задолжи одделението за сметководство да изврши разграничување на материјалните средства и ситниот инвентар и отписот да го вршат согласно наведениот Правилник и изврши евидентирање во сметководствената евиденција.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.2.1. Постои неусогласеност помеѓу позициите Парични средства и Пасивни временски разграничувања во делот на Дел од вишокот на приходите пренесени во наредна година во износ од 15.181 илјади денари, како и помеѓу позициите Капитални средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година во износ од 5.717 илјади денари, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради непримена на основните сметководствени начела на парично искажување во минати години и неизвршено усогласување на сметките при промената на истите, што придонесува билансните позиции искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни.

**Препорака:**

Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2004 година согласно начелото на парично искажување и да се изврши усогласување на сметките.

10.2.2. Постои неусогласеност на активата и пасивата во почетните налози на Центрите за вработување, иако на ниво на Агенцијата оваа неусогласеност не постои, спротивно на член 5 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, поради превземени состојби од минати години. Ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**

Да се усогласат почетните состојби на одделните конта во секој Центар за вработување.

### *10.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

#### *10.3.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет на соодветни ставки и спротивно на законските прописи*

- Со извршување на Буџетот на Агенцијата за 2004 година, реализирани се расходи над износите планирани на одделни ставки, без претходна согласност од Министерство за финансии, спротивно на член 7 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година. Поради непочитувањето на законската регулатива, на ставката Комуникација и транспорт извршени се расходи над износот планиран и утврден со Буџетот на Агенцијата во износ од 839 илјади денари.

- Врз основа на одобрение од Министерството за труд и социјална политика број 08-3817 од 21.08.2002 година, извршена е исплата на плати по основ на поголемо месечно право за исплата на нето плати, спротивно на член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија. Поради непримена на законската регулатива извршена е исплата на средства во вкупен износ од 6.973 илјади денари;

- Дадени се позајмици на претпријатија и тоа: Со Програма за стручно оспособување на невработени лица во период од 1995 до 1999 година во износ од 15.079 илјади денари и со Инкубатор-Програма за водење на мал семеен бизнис во текот на 1997 година во износ од 2.026 илјади денари, по кои и во текот на 2004 година не се врши отплата на истите, спротивно на одредбите од Програмите. Непревземените мерки од страна на Агенцијата, придонесуваат за штета на Агенцијата во износ од 17.105 илјади денари.

- Врз основа на Договор за подготовка за вработување на невработени лица број 09-1019 од 01.10.2003 година и број 09-683/2 од 06.08.2004 година, склучени помеѓу работодавачи и Центар за вработување Прилеп, исплатени се средства на работодавачите за обука на 75 кандидати – невработени лица со кои не засновале работен однос на неопределено време, спротивно на член 5 од Договорите. Поради непревземени мерки за поврат на средствата од страна на Агенцијата, исплатени се средства спротивно на законската регулатива во износ од 448 илјади денари.

- Со ревизијата на Договорите за закуп на деловен простор, констатирано е следното:
  - Агенцијата не превзема мерки за неплаќање на две последователни месечни закупнини од страна на закупците, односно три во текот на годината, спротивно на член 2 од Договорите за закуп на деловен простор. Поради неспроведувањето на одредбите од склучените договори, Агенцијата има ненаплатени побарувања во вкупен износ од 3.332 илјади денари од кои побарувања кои потекнуваат од минати години во износ од 1.650 илјади денари и побарувања во текот на 2004 година во износ од 1.682 илјади денари (Прилог број 2 );
  - Комисијата за издавање на деловен простор под закуп нема извршено ревизија на Договорите за закуп, склучени до денот на стапувањето на сила на новиот Правилник за условите и начинот за издавање на закуп на деловен простор со кој управува Заводот за вработување на РМ број 02-621 од 01.07.2003 година и нема превземени мерки за раскинување на склучените договори на неопределено време или обновување на договорите склучени на определено време од минати години, спротивно на член 21 од истиот. Поради ваквата состојба Агенцијата деловниот простор го издава спротивно на одредбите од Правилникот и тоа за договори на неопределено време во годишен износ од 84 илјади денари и за договори на определено време во годишен износ од 3.619 илјади денари (Прилог број 2).

**Препораки:**

1. Да не се превземаат обврски над максималните износи утврдени во Буџетот на Агенцијата, прераспределбата на планираните расходи во текот на фискална година да не се врши без одобрение од надлежните органи.
2. Исплата на платите да се врши во согласност со позитивната законска регулатива.
3. Комисијата да изврши ревизија на веќе постоечките договори за закуп на деловен простор и да превземе мерки согласно Правилникот.
4. Управниот одбор да формира комисија која ќе ја испита состојбата со побарувањата по основ на дадени позајмици и ќе превземе мерки по истите.
5. Да се поведе постапка за вработување на кандидатите – невработени лица кај работодавачите кај кои е извршена обуката или постапка за враќање на исплатените средства.

### *10.3.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

Не е спроведена постапка за јавна набавка во вкупен износ од 2.134 илјади денари, од кои во Централата на Агенцијата во износ од 1.283 илјади денари и во Центрите за вработување Скопје, Битола, Прилеп и Демир Хисар во износ од 851 илјади денари (Прилог број 3).

Исто така ДДО продолжуваат по склучени договори од минати години за давање на деловен простор под закуп во износ од 5.283 илјади денари (Прилог број 4).

Неспроведувањата на постапки за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

### *10.4. Неправилности со ревизија на информациониот систем:*

#### *10.4.1. База на податоци за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност за стечајни работници, технолошки вишок, загубари, редовен, стечај (од поранешни загубари), реформа на државна администрација, за технолошки вишок - заклучок на Влада 2003 година*

- Податоците за исплатени средства за парични надоместоци по основ на невработеност добиени од базата на податоци не се совпаѓаат со податоците искажани во финансиските извештаи, (добиени од сметководствената евиденција), спротивно на член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија.
  Ревизијата констатира дека поради различниот датум на исплата на средства во однос на датумот на архивирање на податоците, вршењето исплати на надоместоци по Решенија за исплата на надомест или поврат на средства по Решенија за погрешна исплата, врз основа на „рачни пресметки“ без истите да се внесат во компјутерската евиденција, исплатени се средства за парични надоместоци во износ од 2.628.894 илјади денари, согласно податоците добиени од базата на податоци и со истите искажани во финансиските извештаи во износ од 2.656.840 илјади денари постои несовпаѓање за износ од 27.946 илјади денари (Прилог број 5). Неточноста, необјективноста и некомплетноста на искажаните податоци доведува до прогрешен приказ на фактичката состојба во врска со исплатата на горенаведениот паричен надоместок.

  **Препорака:**

  1. Целокупната исплата на средствата за парични надоместоци да се врши врз основа на претходно изработени компјутерски пресметки во базата на податоци, архивирани веднаш по нивната изработка.
  2. Повратот на средства по основ на погрешни исплати да се евидентира во базата на податоци по корисник.

- Базата на податоци содржи архивирани податоци за сите Центри за вработување освен за Центар за вработување - Демир Хисар, кој во 2004 година иако користи компјутерско-комуникациона опрема, не е архивирана ниту една исплата, спротивно на член 4 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Поради ненавремено архивирање на внесените податоци и недоволна обученост на лицата задолжени за изготвување на пресметките на паричниот надоместок, податоците за односниот Центар не се составен дел на базата на податоци.

**Препорака:**

Архивирањето на пресметката за исплата на паричниот надоместок во Центар за вработување Демир Хисар да се врши навремено.

### *10.4.2. База за исплата на паричен надоместок по основ на Законот за поттикнување на вработувањето*

Не постои централно архивирана база на податоци за исплата на паричен надоместок по основ на потикнување на вработувањето, спротивно на одредбите од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија, поради тоа што наведената база на податоци не ги содржи податоците од Центрите за вработување во Демир Хисар и Кочани, поради прекин на врските во времето на превземање на податоците од локалните бази на Центрите, можноста од неархивирање на податоци од другите Центри за вработување, како и поради неизземањето на корисниците кои во одделни месеци не примаат паричен надоместок поради недоставена документација од страна на работодавците за исплатена плата и придонеси на вработените.
Ревизијата констатираше дека исплатениот износ за надоместоци по основ на поттикнување на вработувањето во 2004 година, согласно податоците од базата на надоместоци изнесува 533.805 илјади денари, додека согласно податоците од финансиските извештаи исплатениот износ изнесува 595.986 илјади денари, односно има нето разлика за износ од 62.181 илјади денари (Прилог број 6). Разликите во искажаните податоци доведуваат до констатција дека податоците добиени од евиденцијата на базата за исплата на паричниот надоместок по основ на Законот за поттикнување на вработувањето се неверодостојни и неприменливи.

**Препорака**

Врз основа на реално исплатените средства за надоместокот за секој месец одделно, согласно одредбите од Законот, да се формира централна база на податоци.

### 10.4.3. *Посебен Фонд за вработување на инвалидни лица и надомест за обука, преквалификација или доквалификација*

Нема база на податоци за надоместоци за исплатените средства по основ на надомест за невработеност, надомест за обука, преквалификација или доквалификација како и за дел од средствата од Посебниот Фонд за вработување на инвалидни лица, поради извршени „рачни пресметки“ за исплата на средства, спротивно на член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Поради неевидентирањето на севкупно исплатените средства од страна на Агенцијата, непостојат податоци во базата на податоци за исплатени средства во износ од 87.058 илјади денари. (Прилог број 7).

**Препорака**

За пресметка и исплата за овие надоместоци да се користи компјутерско-комуникациона опрема.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Агенција за вработување на Република Македонија под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 9.1. до 9.4. кај Агенција за вработување на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

13. Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Агенцијата и тоа:
    - Судски спор по основ на надомест на штета, поради неисполнети обврски по Договори за закуп на деловен простор и тоа со:
        - „Артекс„ Тетово, по Договор број 03-319 од 24.04.2000 година, во износ од 2.773 илјади денари
        - „А-Цони„ Делчево, по Договор број 0303-273 од 01.08.1997 година и Анекс Договор број 0306-125 од 06.05.1998 година, во износ од 663 илјади денари;
    - Судски спор со „Бети-Текс„ Велес, по Договор за исплата на доделените неповратни средства од Посебниот Фонд, за набавка на опрема број 03-24/181-3 од 06.11.2002 година, во износ од 1.764 илјади денари.
    - поведени се три судски постапки - работни спорови, за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот.

14. Агенцијата во текот на 2004 година има склучено 11 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос. Со писмо број 03-937/1 од 30.11.2004 година до Министерството за финансии, побарана е согласност за 10 нови вработувања, за кои во текот на 2004 година не е добиена согласност. Потенцираме, дека иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, на ангажираните лица не им се обезбедени никакви права од работен однос.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за 2003 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 11.1, 11.2.1,. од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности, а за констатациите изнесени во точките 11.1.2, 11.1.3, 11.1.4, 11.2.2, 11.2.3. Агенцијата не превземала мерки за отстранување на истите.

16. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Агенцијата во текот на ревизијата:

### *16.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

- Позициите Активни временски разграничувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година се потценети во вкупен износ од 572.703 илјади денари, а се однесува на:
    - неевидентирана обврска за исплата на права од осигурување во случај на невработеност за месец 12.2004 година во износ од 570.642 илјади денари и

  - неевидентирана обврска за паушал на членовите на Управен одбор и персонален данок по истиот за месец 12.2004 година во износ од 65 илјади денари;
- Позициите Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година се потценети во вкупен износ од 746 илјади денари, поради неевидентирана и неплатена обврска за данок на додадена вредноста по основ на Анекс Договор за закуп на деловен простор број 03-1046/1 од 23.12.1999 година во Центар за вработување Охрид во износ од 734 илјади денари и персонален данок на доход за користење на службен мобилен телефон од страна на надворешно лице во износ од 12 илјади денари и
- Потценети се позициите во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година: Капитални средства за износ од 278 илјади денари, Акумулирана амортизација за износ од 45 илјади денари и Извори на капиталните средства во делот на Државен јавен капитал - Извори на капитални средства со кои располагаат и управуваат фондовите за износ од 233 илјади денари, за кој износ од 278 илјади денари преценети се позициите Ситен инвентар на залиха и Извори на капиталните средства во делот на останат капитал – залихи на материјалите, резервните делови, ситен инвентар и хартии од вредност.

**Преземени мерки:**

За неправилностите во искажувањето на позициите во Билансот на состојба во текот на ревизијата, извршена е исправка на истите и на ревизијата и е доставен налог за спроведеното книжење.

**Скопје, 05.09.2005 година** **Овластен државен ревизор,**

**Владимир Милојевиќ**

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 и 2003 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 1,269,819 | 1,223,806 |
| Неданочни приходи | 10,860 | 14,188 |
| Трансфери и донации | 6,356,582 | 5,148,589 |
| Продажба на хартии од вредност | 3,147 | - |
| **Вкупно приходи** | **7,640,408** | **6,386,583** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 152,497 | 155,505 |
| Стоки и услуги | 64,312 | 54,805 |
| Тековни трансфери и субвенции | 7,088,069 | 5,979,875 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7,304,878** | **6,190,185** |
| **Капитални расходи** | | |
| Купување на капитални средства | 2,393 | 2,838 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,393** | **2,838** |
| **Вкупно расходи** | **7,307,271** | **6,193,023** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **333,137** | **193,560** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 317,956 | 178,316 |
| Побарувања | 27,625 | 26,851 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 5,127 | 5,127 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4,228 | 1,839 |
| Активни временски разграничувања | 588,846 | 14,708 |
| Залихи | 987 | 960 |
| **Вкупно тековни средства** | **944,769** | **227,801** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 201,337 | 199,170 |
| Природни богатства | 7,933 | 7,933 |
| Материјални средства во подготовка | 239 | 97 |
| Долгорочни пласмани | 1,664 | 5,105 |
| **Вкупно капитални средства** | **211,173** | **212,305** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна актива** | **1,157,341** | **441,505** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 6,543 | 3,492 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 1,003 | 196 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 8 | 14 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 10,842 | 11,122 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 10,886 | 7,209 |
| Пасивни временски разграничувања | 907,695 | 198,003 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 2,075 | 2,075 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **939,052** | **222,111** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 216,890 | 217,995 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **216,890** | **217,995** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна пасива** | **1,157,341** | **441,505** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2003 година** | **217.036** | **959** | **217.995** - |
| **Вкупно зголемување (по основ на набавки, донации и извршени корекции)** | **28.275** | **13.288** | **41.563** |
| **Вкупно намалување по основ на амортизација, отпис, расходувања и продажба.** | **(29.407)** | **(13.261)** | **(42.668)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **215.904** | **986** | **216.890** |

*Образложенијата дадени од страната 14 до страната 27 се составен дел на овој извештај*

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***
***Број10-547/12***
***17.10.2005 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 од Законот за државната ревизија (Пречистен текст) ("Сл. весник на РМ" бр. 73/2004) и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на Агенција за вработување на Република Македонија – сметка за редовно работење за 2004 година број 03-94/5 од 05.10.2005 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на наодите од точките: 10.1.2, 10.1.3. и 10.1.6. од Конечниот извештај за извршена ревизија на Агенција за вработување на Република Македонија – сметка за редовно работње за 2004 година **<u>не се прифаќа</u>**.
2. Приговорот на точката 10.4.3. од Конечниот извештај за извршена ревизија на Агенција за вработување на Република Македонија – сметка за редовно работње за 2004 година **<u>делумно се прифаќа</u>**.
3. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Агенција за вработување на Република Македонија – сметка за редовно работње за 2004 година на ден 18.04.2005 година поднесен е приговор број 03-94/5 од 05.10.2005 година.

Образложенијата за прифаќање односно неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот на **точките 10.1.2. и 10.1.3.** од Конечниот Извештај **не се прифаќа**, затоа што Агенцијата врши пресметка за утврдување на износот на месечното право на надоместок за време на невработеност над 12 месеци во висина од 50 % од просечната нето плата на работникот за последните 12 месеци пред престанокот на работниот однос, а не 40%, спротивно на член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Мислењето на Секретаријатот за законодавство број 08-2154/2 од 21.06.2004 година.
2. Приговорот на **точка 10.1.6.** од Конечниот Извештај **не се прифаќа**, затоа што Агенцијата извршила вработувања во текот на 2004 година спротивно на на член 21 од Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година. Дополнително доставената документација Известување број 07-1379/1 од

18.01.2005 година од Министерство за финансии се однесува на одредбите на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година и новите вработувања во текот на 2005 година.

3. Приговорот на **точка 10.4.3.** од Конечниот Извештај **делумно се прифаќа**, поради дополнително доставена документација и гласи „Нема база на податоци за надоместоци за исплатените средства по основ на надомест за невработеност, надомест за обука, преквалификација или доквалификација, поради извршени „рачни пресметки“ за исплата на средства, спротивно на член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Поради неевидентирањето на севкупно исплатените средства од страна на Агенцијата, непостојат податоци во базата на податоци за исплатени средства во износ од 30.043 илјади денари. (Прилог број 7).

4. Во врска со изнесеното во точките 10.1.1, 10.1.4, 10.1.5, 10.4.1 и 10.4.2 всушност не е приговор на конечниот извештај туку превземени мерки по истиот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2004 година и што ќе биде предмет на ревизија во нареден период при следна ревизија на Агенцијата.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор,**

**Методија Тошевски**